Дневни билтени

2015
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023
2024

Извадок на дел од дневни настани 04.12.2024

На 03.12.2024 во Радовиш, полициски службеници од СВР Струмица - ОВР Радовиш го лишиле од слобода К.Ѓ.(21) од село Дамјан, радовишко. При претреси во неговиот дом во село Дамјан и во стан во кој престојувал во Радовиш, извршени со судска наредба, биле пронајдени неколку пакувања со марихуана, предмети со остатоци од марихуана, дигитална вага, ловечка пушка „Државна Застава" калибар 12 мм и 6 патрони за ловечка пушка. Истиот ден, од слобода бил лишен и М.А.(21) од Радовиш поради постоење на сомнение дека заедно со К.Ѓ. се сторителе на кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". Лицата биле задржани во Полициската станица Радовиш, за настанот бил запознаен јавен обвинител од Основното јавно обвинителство Струмица и по документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 03.12.2024 во 12.10 часот, полициски службеници од ОВР Кочани го лишиле од слобода Н.Д.(22) од Кочани. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени марихуана и дигитална вага. Лицето било задржано во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 03.12.2024 во 00.40 часот во Македонска Каменица, полициски службеници од Надворешната канцеларија за криминалистички работи Делчево и Полициското одделение Македонска Каменица ги лишиле од слобода Ј.З.(20), А.П.(19) и В.К.(19), сите од Кочани. При преглед во возилото „бмв" со кочански регистарски ознаки, кое го управувал Ј.З., а останатите лица биле сопатници, била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот, ќе следува соодветен поднесок.

На 03.12.2024 во 22.10 часот во с.Мало Турчане, полициски службеници од ОВР Гостивар го лишиле од слобода М.К.(21) од Гостивар затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. Тој бил задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот, против него ќе следува соодветен поднесок.

На 03.12.2024 во 21.40 часот на место викано „Преспан" во Прилеп, полициски службеници од ОВР Прилеп ги лишиле од слобода А.К.(27) од Република Турција и К.Ц.(34) од Индија, двајцата со привремен престој во Прилеп. При преглед во патничко возило „фолксваген" со гостиварски регистарски ознаки, управувано од А.К., биле пронајдени марихуана и метална дробилка. По документирање на настанот, против нив ќе следува соодветна пријава.

На 03.12.2024 во 20.20 часот во Скопје, на подрачјето на Бит Пазар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го привеле Л.Б.(20) од С.Никуштак, општина Липково, затоа што кај него бил пронајден и одземен метален боксирач. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 03.12.2024 во 09.10 часот во Полициската станица Валандово било пријавено дека на регионалниот пат с.Фурка - Валандово, во близина на село Дедели, валандовско, се случила сообраќајна несреќа помеѓу товарно моторно возило „фолксваген кеди" со валандовски регистарски ознаки, управувано од В.Г.(56) од Валандово и товарно возило влекач „сканиа" со радовишки регистарски ознаки, управувано од З.Р.(47) од Радовиш. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот В.Г., констатирани во Општата болница Гевгелија. Извршен бил увид од увидна екипа од ОВР Валандово.

На 03.12.2024 во 14.00 часот во Полициската станица Гевгелија било пријавено дека на ул. „Маршал Тито" во Богданци, патничко возило „мерседес" со гевгелски регистарски ознаки, управувано од Л.Д.(61) од Богданци, удрило во малолетен пешак од Гевгелија, по што го напуштил местото на настанот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил пешакот, констатирани во Општата болница Гевгелија. Извршен бил увид од увидна екипа од ОВР Гевгелија.

Денеска (04.12.2024) во 02.15 часот во СВР Скопје, И.И.(45) од Скопје пријавил дека на ул. „Орце Николов" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 03.12.2024 во 11.45 часот во СВР Битола, Б.Б.(40) од с.Лопатица,битолско, пријавил дека во с.Лопатица бил каснат од куче скитник.

На 03.12.2024 во 16.50 часот во СВР Битола, Ј.Ј.(36) од Битола пријавил дека кај Градското шеталиште во Битола бил каснат од куче скитник.

Денеска (04.12.2024) во 07.13 часот во СВР Скопје било пријавено дека на регионален пат Велес- Скопје, во атар на нас.Дрма, скопско, возило „лежо партнер" со скопски регистарски ознаки, управувано од Н.Ј.(48) од с.Ржаничино, скопско, излетало од коловозот. Од здобијените повреди на местото на несреќата починал возачот, а лекар од Итна медицинска помош констатирал смрт. Извршен бил увид од увидна екипа на СВР Скопје, а по наредба на јавен обвинител телото на починатиот било предадено за обдукција.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против И.Д.(48) од Охрид поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". При претрес во неговиот дом, извршен на 26.11.2024 по судска наредба, полициските службеници од Одделението за недозволена трговија со дрога при СВР Охрид, пронајдоа и одзедоа кокаин и пари. На него му е одредена мерка притвор со траење од 30 дена.

ОВР Дебар поднесе кривична пријава против А.Ц.(19) од Дебар поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". При преглед во возилото „лежо", во кое се превезувал, полициските службеници кај него пронајдоа и одзедоа марихуана.

На 03.12.2024 во 11.00 часот, полициски службеници од СВР Велес го лишиле од слобода А.Д.(23) од Велес. Тој се сомничи дека од подрумска просторија од домот на В.Д.(55) од Велес одзел неколку предмети. Одземеното било пронајдено и вратено на сопственикот. За настанот бил известен јавен обвинител и по документирање на настанот, против А.Д. ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 03.12.2024 во 10.30 часот на улица „ЈНА" во Струга, полициски службеници од ОВР Струга го привеле А.М.(43) од Струга. Во негова близина, полициските службеници од Одделението за недозволена трговија со дрога при ОВР Струга пронајдоа и одзедоа метадон. По целосно документирање на настанот, против него, ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 03.12.2024 во 12.40 часот, полициски службеници од ОВР Кавадарци ја лишиле од слобода Н.И.(47) од Кавадарци, постапувајќи по пријава од вработена во финансиско друштво дека се обидела со туѓа лична карта да подигне парични средства. Таа била приведена во полициска станица, личната карта ѝ била одземена, а по документирање на настанот, против неа ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 03.12.2024 во 16.25 часот во СВР Скопје, Д.С.(32) од Скопје пријавил дека во гаража на подрачјето на Кисела Вода, поради претходно нерасчистени должничко - доверителски односи, настанала расправија со И.М.(27) од Скопје, кој му се заканил со огнено оружје. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветна пријава.

На 03.12.2024 во 19.40 часот во СВР Скопје било пријавено дека на територија на Кисела Вода, две лица паднале од зграда. Полициски службеници излегле на местото и било констатирано дека жената Д.С.(69) од Скопје од здобијените повреди починала на местото на настанот, додека деветгодишен малолетник од Скопје се здобил со повреди и бил пренесен во Комплексот клиники „Мајка Тереза" за укажување на помош. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 04.12.2024 во 00.10 часот во СВР Скопје, од Градската општа болница „Св.Наум Охридски" Скопје било пријавено дека кај нив со тешки телесни повреди бил донесен Ј.П.(20) од Скопје. Според пријавеното, со повредите се здобил во зграда на подрачјето на општина Аеродром, каде бил физички нападнат од едно лице, кое употребило и остар предмет. Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот, по што ќе следува соодветна пријава.

На 03.12.2024 во Полициска станица Кисела Вода, бил извршен службен разговор со С.М.(44) од Скопје, постапувајќи по претходна пријава дека на 29.11.2024 во семејниот дом на подрачјето на општина Аеродром физички ја нападнал неговата 43-годишна сопруга. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 03.12.2024 во 17.53 часот во СВР Скопје, Н.Ѓ.(37) од Скопје пријавил дека околу 17.45 часот на подрачјето на Кисела Вода, по претходно недоразбирање во сообраќајот, бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 03.12.2024 во 13.30 часот во СВР Скопје, Д.Ш.(44) од Скопје пријавил дека околу 13.00 часот на автобуска постојка на подрачјето на Бит Пазар, четири лица со закана му одзеле пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 03.12.2024 во 15.15 часот во СВР Куманово, З.А.(47) од Куманово пријавил дека на улица „Никола Тесла" во Куманово бил каснат од куче скитник.

На 03.12.2024 во 12 часот, З.Д.(55) од Кичево во полициска станица пријавил дека во кичевското село Осломеј бил каснат од куче скитник.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Ресен поднесе кривична пријава против С.Д (47) од Ресен поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „кражба". На 04.11.2024, пријавениот бил затекнат како управува трактор натоварен со дрва, кои биле без жиг и испратница.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Р.Ц.(42) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 09.03.2024 во с.Ново Село, скопско, полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што биле пронајдени и одземени марихуана и амфетамин.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Д.Н.(25) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". Полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што бил пронајден и одземен амфетамин.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против С.Ш.(35) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 17.11.2023, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што биле пронајдени и одземени куршуми различен калибар и рамки за огнено оружје.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против Е.Х.(37) од Куманово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 11.10.2023, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што бил пронајден и одземен пиштол „Застава М57", рамка за пиштолот и куршуми.

ОВР Валандово поднесе кривична пријава против З.К.(40) од Валандово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „предизвикување општа опасност". На 14.09.2024 во дворното место на Д.Б. во Валандово, пријавениот предизвикал пожар на паркирано патничко возило „опел", сопственост на Д.Б..

СВР Битола поднесе кривична пријава против Ф.И.(40) од Прилеп поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „загрозување на сигурноста" и „напад на службено лице при вршење на работи на безбедноста". На 29.11.2024 во угостителски објект во Битола, пријавениот со огнено оружје се заканувал на полициски службеници кои извршувале службени дејствија, а подоцна и физички нападнал еден од нив. Од страна на Судија на претходна постапка при Основен суд Битола на пријавениот му е одредена мерка притвор.

СВР Велес поднесе кривична пријава С.А.(28) од Кичево поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „криумчарење на мигранти" и „фалсификување на исправа". На 01.12.2024 на автопатот Гевгелија - Демир Капија, пријавениот во патничко возило „волво" со регистарски ознаки од друго возило превезувал тројца мигранти.

МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА
Сеној упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет